( Образец ПП……)

Примено: 03 03 2022

До
Министерство за култура
Ул. Ѓуро Ѓаковиќ бр. 61
1000 Скопје, Република Северна Македонија
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
Извештај бр.21-1854/1 од 15.02.2022 година на Комисијата за музичката и музичко-сценската дејност со сите прилози, сите списи на предметот за Радио Буба Мара за проектот “25 години Златна Бубамара на популарноста“ по поднесена Пријава УП1 18-3619 од 11.11.2021 година, сите останати релевантни документи.
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго--------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА / MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено: 03 03 2022
УП1 03-38

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго--------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Скопје, Датум 28.02.2022 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-38
17 · 03 2022 год.

Скопје

Архивски знак: ________
Рок на чување: ________ год.
________ 20____ год.
Потпис,
________

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на , УП1 бр. 03-38 од 03.03.2022 година, заменик министерот за култура, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
### за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на УП1 бр.03-38 од 03.03.2022 година (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура СЕ ПРИФАЌА.

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бара следната информација:

-Извештај бр.21-1854/1 од 15.02.2022 година на Комисијата за музичка и музичко сценска дејност со сите прилози, сите списи на предметот за Радио Буба Мара за проектот „25 години Златна Буба Мара на популарноста" по поднесена пријава број УП1 18-3619 од 11.11.2021 година, и сите останати релевантни документи.

Барателот на информацијата побара информацијата да му биде доставена во електронска форма на електронска адреса.

Министерството за култура на електронската адреса во прилог на ова Решение доставува:

-Извештај бр.21-1854/1 од 15.02.2022 година на Комисијата за музичка и музичко-сценска дејност за 2022 година, и Поединечен извештај-евалуациска матрица од стручна комисија од

областа на музичката и музичко-сценска дејност ( за фестивали и манифестации) за 2022 година за пријава УП1 18-3619 од 11.11.2021 година поднесена од Трговското радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ – Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под УП1 бр. 03-38 од 03.03.2022 година, со кое ја побара следната информација во електронска форма да се достави на електронска адреса:

-Извештај бр.21-1854/1 од 15.02.2022 година на Комисијата за музичка и музичко сценска дејност со сите прилози, сите списи на предметот за Радио Буба Мара за проектот „25 години Златна Буба Мара на популарноста" по поднесена пријава број УП1 18-3619 од 11.11.2021 година, и сите останати релевантни документи.

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како диспозитивот на ова Решение и на Барателот на информацијата му ја даде бараната информација содржана во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-38.

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
Daim Luçi

Подготвил: Ана Кардула, службено лице

Поединечен звештај – евалуациска матрица од стручна комисија од областа на музичката и музичко-сценската дејност (за фестивали и манифестации) за 2022 година

За проектот: 25 години Златна Бубамара на популарноста

Носител на проект: Трговско радио дифузнодруштво Бубамара - Ранко Дооел

Архивски број на пријава: УП1 бр.18-3619 од 11.11.2021 година

ДА/НЕ
(да се напише)

| | |
|---|---|
| Во пријавениот проект уметничката содржина, програмски и концепциски е основа на манифестацијата или на фестивалот. | ДА |
| Со пријавениот проект е исполнет најмалку 1 (еден) од приоритетите утврдени со Годишниот конкурс. | ДА |
| Подносителот на пријавата ги исполнува општите услови утврдени со Годишниот конкурс. | ДА |
| Подносителот на пријавата ги исполнува посебните услови утврдени со Годишниот конкурс. | ДА |

| | |
|---|---|
| **Категорија на проектот (прва, втора, трета или четврта категорија)** | II |

**Оценување врз основа на критериумите и мерила утврдени со Годишниот конкурс**
**За секое мерило да се напише бод со броеви**

| **1. Квалитет на содржината на манифестацијата/фестивалот – вкупно 60 бода:** | **Бодови** |
|---|---|
| 1.1. меѓународни учесници/домашни учесници – до 10 бода; | 9 |
| 1.2. програмски континуитет – до 10 бодови | 6 |
| 1.3. влијание врз општествените текови – до 10 бода; | 7 |
| 1.4. атрактивност – до 10 бода; | 5 |
| 15. видливост – до 5 бода; | 4 |
| 16. оригиналност – до 5 бода; | 4 |
| 1.7. иновативност – до 5 бода; | 2 |
| 18. употреба на нови технологии – до 5 бода. | 4 |
| **2. Човечки ресурси (уметнички/стручни достигнувања) – вкупно до 20 бодови** | |
| 2.1. Искуство во организација на манифестации/фестивали – до 10 бодови | 6 |
| 2.2. Признанија, награди, позитивни критики за претходни достигнувања – | 7 |

| | |
|---|---|
| до 10 бодови | |
| **3. Финансиска оправданост – вкупно до 20 бодови** | |
| 3.1. реални проекции за висината на вкупните трошоци за реализација на манифестацијата/фестивалот поткрепени со писма на намери или понуди или јавно објавени цени за бараните услуги и стоки од нивните даватели – до 15 бода; | 12 |
| 3.2. реален баланс меѓу авторските хонорари и другите трошоци за реализација на манифестацијата/фестивалот) – до 5 бода. | 5 |
| **Вкупно бодови за проектот** | 71 |

Предлог на стручна комисија за износ на потребните финансиски средства за секој поединечен проект, врз основа на извршената категоризација и доделениот број на бодови 497,000 денари.

Одобрени намени од стручна комисија

Хонорари за музички ѕвезди добитници на награда/учесници од МКД

Комисија за музичка и музичко сценска дејност:

Бранка Костиќ Марковиќ – претседател ____________

Нинослав Димов – член ____________

Бехар Весели – член ____________

Искра Шукарова, член ____________

Авни Ќаили, член ____________

Бр.-Nr. 21-1854/1
15.02 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

20 год.
Потпис.

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД РАБОТАТА НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА ЗА МУЗИЧКА И МУЗИЧКО СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА
## (II фаза - Други корисници)

Комисијата за музичка и музичко сценска дејност, именувана со Решение бр. 53-11904/1 од 7.10.2021 година во состав Бранка Костиќ - Марковиќ - претседател, Нинослав Димов – член, Бехар Весели - член, Авни Ќахили – член и Искра Шукарова – член, во четиримесечниот периодот (од назначувањето до 14.2.2022 година) оствари динамична агенда со серија работни состаноци на кои ги разгледа поднесените пријави од Нацрт-годишните програми за работа на Националните установи, како и пријавите од другите корисници (правни и физички лица), пристигнати на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес за 2022 година.

Комисијата, после потпишувањето на Изјавата за обезбедување на тајност и заштита на обработка на личните податоци и Изјавата за непостоење на судир на интереси, како и Деловникот за работа на стручната комисија за музичка и музичко-сценска дејност за 2022 година, донесе план за работа која што ја конципираше во две главни фази:

**1 фаза** –Оцена на поднесените Нацрт-годишни програми за работа на Националните установи во музичката и музичко-сценската дејност НУ Национална филхармонија, НУ Национална опера и балет и НУ Охридско лето, како и поднесените предлог-проекти на НУ Центрите за култура од областа на музичката и музичко-сценската дејност.

**2 фаза** – Оцена на поднесените проекти од другите корисници (правни и физички лица) од областа на музичката и музичко-сценската дејност.

**Во првата фаза**, Комисијата ги подготви и усвои критериумите и мерилата за оценување на нацрт-годишните програми на националните установи, пристапи кон оценување на поднесените Нацрт-годишни програми за работа на Националните установи во музичката и музичко-сценската дејност - НУ Национална филхармонија, НУ Национална опера и балет и НУ Охридско лето, како и поднесените предлог-проекти на НУ Центрите за култура од областа на музичката и музичко-сценската дејност. Потоа ги евалуираше проектите содржани во сите предлог-програми на Националните установи и оценките и предложените средства за финансирање на истите, заедно со наративниот извештајот,ги достави до кабинетот на Министерството за култура на 30.12.2021 година.

**Втората фаза**, односно оцената на поднесените проекти од другите корисници (правни и физички лица) од областа на музичката и музичко-сценската дејност за 2022 година, за Комисијата, како впрочем и за самото Министерство и апликантите на овогодишниот конкурс, беше посебен предизвик. За прв пат од постоењето на конкурсот, аплицирањето се одвиваше електронски и бараше посебен пристап на повеќе нивоа. Очекувано, во текот на аплицирањето се одвиваше и практично тестирање на системот, но и подготвеноста на апликантите да се справат со технолошката реалност. Комисијата, од страна на кабинетот на Министерството за култура, на 16.12.2021 ги доби првите насоки за начинот и динамиката на работа со апликациите од другите корисници, а потоа во два наврати доби материјали, прво за 300 комплетни електронски доспеани пријави, а во периодот подоцна и останатите 474 пријави (коишто сукцесивно доспеваа заради продолжениот

конкурсен рок од страна на Министерството). Потоа низ серија состаноци започна со разгледување на материјалите, категоризација и бодување на проектите според нивниот квалитет и комплексност за реализација, а потоа и со предлог-средства за финансирање на истите.
Заради појавените проблеми од новиот начин на онлајн поднесување на проектите, конкурсот беше продолжен и администрацијата во Министерството и Комисијата мораа да бидат флексибилни во целиот период на работа, во кој тековно се апдејтираа податоците од апликантите. Во еден таков сложен процес на разгледување и евалуирање на доспеаните рекордни 747 пријави во музичката и музичко-сценска дејност, Комисијата го даде својот професионален максимум и ја направи селекцијата на најквалитетните и наиздржаните проекти од физички и правни лица за 2022 година. Но, комисија пред сè ги зема предвид сите пропишани акти и регулативи кои се однесуваат на целите и приоритетите на стратешките документи на Република Северна Македонија, како и со Годишниот конкурс за 2022 година. Оттука, при работата водеше сметка сите пристигнати проекти да се усогласени со приоритетите и општите и посебните услови на конкурсот (вклучувајќи ги и актуелните епидемиолошките протоколи), како и да ги задоволат барањата по однос на комплетираноста на проектната документација, што обезбедува непречена и објективна стручно-уметничка евалуација и селекција.
Задачите на Комисијата за музичка и музичко-сценска дејност за 2022 година се состоеја во стручно-уметничка оценка на повеќе видови на музички и музичко-сценски проекти, истражувачки проекти, конференции, семинари, работилници, архиви, аудио и видео изданија, но и на манифестации и фестивали од дејноста.
Во продолжение ќе бидат изнесени сите приоритети, услови, категоризации, мерила и критериуми на оценување, како и начин на составување на предлог-листа за финансирање, содржани во Годишниот конкурс за 2022 година, а кои се однесуваат на музичката и музичко-сценската дејност. Тие беа темелот врз кој Комисијата ги разгледуваше и оценуваше сите проекти аплицирани од другите корисници (физички и правни лица).

**ВИДОВИ ПРОЕКТИ**
**(Приоритети, услови, категоризации, мерила и критериуми на оценување, како и начин на финансирање)**

Годишниот конкурс на Министерството за култура за 2022 година предвиде да ги поддржи следниве видови проекти од областа на музичката и музичко-сценската дејност:

1. Организација и реализација на проекти од областа на музичката дејност (солистички, камерни, хорски и оркестарски концерти, концерти на музички групи, музички натпревари и др.);
2. Организација и реализација на проекти од музичко-сценскатадејност (опери, оперети, балет, модерен танц, танцови перформанси, танцови натпревари);
3. Истражувачки проекти, публикации, конференции, семинари, симпозиуми, работилници, мајсторски курсеви од областа на музиката и музичко-сценската дејност;

4. Создавање, дигитализирањеи архивирање материјали и издавање носачи на звук и слика (дигитални архиви и збирки од областа на музичката и музичко-сценската дејност и изданија на носачи на звук и слика);
5. Манифестации и фестивали од музичката и музичко-сценската дејност.

**ПРИОРИТЕТИ**

Аплицираните проекти од областа на музичката и музичко-сценската дејност мораа да исполнат најмалку еден (1) приоритет од долунаведената листа на приоритети за да им бидат оценувани од страна на стручната комисија.

**ПРИОРИТЕТИ ЗА ПРОЕКТИ:**

1. Унапредување на творечката и на изведувачката музичка уметност.
2. Поттикнување иновативност, креативност и премиерни изведби.
3. Поддршка и промоција на млади музички уметници од Република Северна Македонија.
4. Одбележување на значајни јубилеи и датуми во 2022 година поврзани со домашни автори и изведувачи од областа на музичката и музичко-сценската дејност (25, 50 и 100 години).
5. Поттикнување на интеркултурен дијалог.
6. Изразување, негување и афирмирање на културниот идентитет на заедниците во Република Северна Македонија.
7. Истражувања кои придонесуваат за заштита и афирмација на музичкото културно наследство на територијата на Република Северна Македонија.
8. Развој и дисперзија на музичката култура на локално ниво и создавање услови за рамномерен развој во Република Северна Македонија.
9. Соработка меѓу јавниот сектор и независниот културен сектор.
10. Промовирање домашни, меѓународни и интеркултурни вмрежувања, соработка и партнерски проекти, кои придонесуваат кон европските вредности и перспективи.
11. Стимулирање гостувања на афирмирани светски уметници.
12. Создавање јавно достапни архиви и збирки на дела од реномирани музички и сценски автори, кои оставиле исклучителен печат врз музичката култура во Република Северна Македонија.
13. Издавање музички аудиозаписи и аудиовизуелни изданија кои овозможуваат промоција, афирмација и реафирмација на новата и на постојната музичка и музичко-сценска продукција на територијата на Република Северна Македонија.
14. Создавање нова стручна литература од областа на музичката и музичко-сценската дејност.
15. Поттикнување на учеството на лица со посебни потреби, на лица во социјален ризик, на маргинализирани групи или на групи со помалку можности.
16. Унапредување на родовата рамноправност.

**ПРИОРИТЕТИ ЗА МАНИФЕСТАЦИИ И ФЕСТИВАЛИ:**

1. Унапредување на творечката и на изведувачката уметност.
2. Поттикнување иновативност и креативност.

3. Промовирање манифестации/фестивали со учество на светски афирмирани уметници/писатели и ансамбли, со можност за остварување соработка со релевантни образовни институции преку организирање предавања, семинари и работилници.
4. Манифестации и фестивали кои придонесуваат за афирмација на културниот диверзитет и на соработката меѓу заедниците во државава.
5. Манифестации и фестивали кои континуирано се одржуваат повеќе децении, обезбедуваат голема видливост и имаат сопствена препознатливост.
6. Стимулирање и промовирање надомашни, меѓународни и интеркултурни вмрежувања, соработка, партнерски проекти, кои придонесуваат кон европските вредности и перспективи.
7. Стимулирање интеркултурен дијалог и учество на претставници на повеќе заедници во државава.
8. Поттикнување на учествотона домашни автори.
9. Поттикнување изведби на реномирани домашни уметници.
10. Поттикнување на учествотона лица со посебни потреби, на лица во социјален ризик, на маргинализирани групи или на групи со помалку можности.
11. Унапредување народовата рамноправност.

**КОНКУРСНИ УСЛОВИ**

Во Конкурсот беа јасно истакнати општите и посебните услови кои подносителите на проектите мораа да ги исполнат за да бидат оценети од стручната комисија:

**ОПШТИ УСЛОВИ**

1. Да е државјанин на Република Северна Македонија (за физички лица);
2. Да е регистриран во Централниот регистар на Република Северна Македонија, со исклучок на единиците на локалната самоуправа, локалните установи и другите правни лица чиј основач е Република Северна Македонија (за правни лица);
4. Да има документ со кој се потврдува учеството на наведените учесници и соработници во проектот (освен кога носителот на проектот не пријавил други учесници или соработници);
5. Да има обезбедено простор за реализација на проектот (освен за истражувачки проекти);
6. Да ги има регулирано авторските права (доколку од проектот произлегува обврска за регулирање на авторските права);
7. Да има официјална покана за учество (доколку проектот се реализира врз основа на покана);
8. Да има договор за соработка (доколку проектот се реализира врз основа на договорена соработка).

**ПОСЕБНИ УСЛОВИПО ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ПРОЕКТИ**

1. За организација и реализација на проекти од обласата на музичката дејност:
- за **солистички концерти** да има реализирано или учествувано во најмалку 2 (два) проекта од ваков вид во последните 5 (пет) години;

- за **камерни концерти** да има реализирано или учествувано во најмалку 2 (два) проекта од ваков вид во последните 5 (пет) години;
- за **концерти на музички групи** да има реализирано или учествувано во најмалку 2 (два) проекта од ваков вид во последните 5 (пет) години;
- за **концерти на поголеми музички формации** да има реализирано или учествувано во најмалку 2 (два) проекта од ваков вид во последните 5 (пет) години;
- за **хорски концерти** да има реализирано или учествувано во најмалку 2 (два) проекта од ваков вид во последните 5 (пет) години;
- за **музички натпревари** да има реализирано или учествувано во најмалку 2 (два) проекта од ваков вид во последните 5 (пет) години.

2. За организација и реализација на проекти од областа на музичко-сценската дејност:

- за **опери** да има реализирано или учествувано во најмалку 1 (еден) проект од ваков вид во последните 5 (пет) години;
- за **оперети и мјузикли, музички драми и музички перформанси**да има реализирано или учествувано во најмалку 1 (еден) проект од ваков вид во последните 5 (пет) години;
- за**проекти од областа на танцот – балет, модерен танц, современ танц и танцови перформанси**да има реализирано или учествувано во најмалку 2 (два) проекта од ваков вид во последните 5 (пет) години;
- за **танцови натпревари**да има реализирано или учествувано во најмалку 2 (два) проекта од ваков вид во последните 5 (пет) години.

3. За организација и реализација на истражувачки проекти, публикации, конференции, семинари, работилници:

- за **истражувања од областа на музичката и музичко-сценската дејност**да има реализирано или учествувано во најмалку 1 (еден) проект од ваков вид во последните 5 (пет) години;
- за **издавање публикации од областа на музичката и музичко-сценската дејност**да има издадено најмалку 1 (една) публикација од областа на музичката и музичко-сценската дејност во последните 10 (десет) години (со исполнетост на посебните услови предвидени со Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност за 2022 година);
- За**организација на конференции, симпозиуми, семинари, работилници, мајсторски курсеви од областа на музичката и музичко-сценската дејност**да има реализирано или учествувано во најмалку 2 (два) проекта од ваков вид во последните 5 (пет) години.

4. За создавање, дигитализирањеи архивирање материјали и издавање носачи на звук и слика:

- за **создавање и одржување дигитални архиви и збирки од областа на музичката и музичко-сценската дејност**да има реализирано или учествувано во најмалку 1

(еден) проект од ваков вид во последните 5 (пет) години;

- **заиздавање носачи на звук и слика од областа на музичката и музичко-сценската дејностда** има одржано најмалку 2 (два) концерта во последните 5 (пет) години.

5. За **сите видови манифестации и фестивали** е потребно да има реализирано најмалку 3 (три) фестивали/манифестации во последните 7 (седум) години.

**ПРЕГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ, УТВРДУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ НА КОНКУРСОТ, КАТЕГОРИЗАЦИЈА И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ЕВАЛУАЦИЈА И БОДУВАЊЕ СПОРЕД УТВРДЕНИТЕ КАТЕГОРИИ, МЕРИЛА И КРИТЕРИУМИ**

Откако на Комисијата и беа предадени пристигнатите вкупно 747 проекти на другите корисници, лоцирани во Музичката и музичко-сценската дејност, таа изврши нивно прегледувањето и констатираше дека 626 пријави се однесуваат на музичките, музичко-сценските, истражувачките и издавачките проекти, а 121 пријава се во делот на музичките манифестации и фестивали. Потоа, направи утврдување на исполнетоста на условите од Конкурсот и констатираше дека 77 пријави од музичките, музичко-сценските, истражувачките и издавачките проекти, како и 10 апликации од видот фестивали и манифестации не ги исполнуваат условите за оценување и истите ги отфрли. Отфрлањето беше по различни основи, како пречекорување на бројот на аплицирани проекти по физичко, односно правно лице, несоодветствување на музичката или музичко-сценската дејност, нективен статус на правниот субјект, неисполнување на приоритетите и општите и посебните услови на Конкурсот и сл. Потоа, Комисијата пристапи кон категоризација на исправните 279 проекти, според нивната сложеност за организација и реализација, па истите ги евалуираше и бодуваше според точно утврдените мерила и критериуми за оцена на проекти од областа на музичката и музичко-сценската дејност. Попрецизно, евалуираше 232 апликации од видот на музички и музичко-сценски проекти и 47-те пријави за организација и реализација на музички манифестации и фестивали.

**КАТЕГОРИИ**

Категориите по сложеност на проектите беа содржани во Конкурсот, а тие се:

1. **За музички, музичко сценски, истражувачки проекти и издаваштво**

**Прва категорија** за проекти со најголема комплексност на техничкиот и на изведувачкиот апарат за спроведување на проектот, вклучувајќиго и бројот на учесниците во проектот;

**Втора категорија** за проекти со голема комплексност на техничкиот и на изведувачкиот апарат за спроведување на проектот, вклучувајќиго и бројот на учесниците во проектот;

**Трета категорија** за проекти со средна комплексност на техничкиот и на изведувачкиот апарат за спроведување на проектот, вклучувајќиго и бројот на учесниците во проектот;

**Четврта категоријаза** проекти со мала комплексност на техничкиот и на изведувачкиот апарат за спроведување на проектот, вклучувајќиго и бројот на учесниците во проектот.

## 2. За музички манифестации и фестивали

**Прва категорија**за манифестации/фестивали со најголема комплексност на техничкиот и на изведувачкиот апарат за спроведување, вклучувајќи го и бројот на учесниците во манифестацијата/фестивалот;

**Втора категорија** заманифестации/фестивали со голема комплексност на техничкиот и на изведувачкиот апарат за спроведување, вклучувајќи го и бројот на учесниците во манифестацијата/фестивалот;

**Трета категорија** за манифестации/фестивали со средна комплексност на техничкиот и на изведувачкиот апарат за спроведување, вклучувајќи го и бројот на учесниците во манифестацијата/фестивалот;

**Четврта категорија** за манифестации/фестивали со мала комплексност на техничкиот и на изведувачкиот апарат за спроведување, вклучувајќи го и бројот на учесниците во манифестацијата/фестивалот.

**МЕРИЛА И КРИТЕРИУМИ**

Имајќи ги во вид пристигнатите проекти што ја поминаа првата селекција, односно оние што ги исполнија општите и посебните услови, како и приоритетите на Годишниот конкурс, Комисијата пристапи кон оценување (бодување) според следните критериуми и мерила:

**КРИТЕРИУМИ ЗА ПРОЕКТИ**

Трите критериуми според кои оценуваше Комисијата беа:

1. Квалитет на содржината на проектот;
2. Човечки ресурси;
3. Финансиска оправданост.

**МЕРИЛА ЗА ПРОЕКТИ**

1. Квалитет на содржината на проектот – вкупно 60 бода:

–креативност – до 15 бода;
– оригиналност – до 10 бода;
– влијание врз општествените текови – до 10 бода;
– актуелност – до 10 бода;
– иновативност – до 5 бода;
– видливост – до 5 бода;
– употреба на нови технологии – до 5 бода.

2. Човечки ресурси (уметнички/стручни достигнувања) – вкупно 20 бода:

– искуство во областа – до 10 бода;
– признанија, награди, позитивни критики за претходни достигнувања – до 10 бода.

3. Финансиска оправданост – вкупно 20 бода:
– реални проекции за висината на вкупните трошоци за реализација на проектот поткрепени со писма на намери или понуди или јавно објавени цени за бараните услуги и стоки од нивните даватели – до 15 бода;
– реален баланс меѓу авторските хонорари и другите трошоци за реализација на проектот – до 5 бода.

**КРИТЕРИУМИ ЗА МАНИФЕСТАЦИИ/ФЕСТИВАЛИ**

1. Квалитет на содржината на манифестацијата/фестивалот;
2. Човечки ресурси;
3. Финансиска оправданост.

**МЕРИЛА ЗА МАНИФЕСТАЦИИ/ФЕСТИВАЛИ**

1. Квалитет на содржината на манифестацијата/фестивалот – вкупно 60 бода:
–меѓународни учесници/домашни учесници – до 10 бода;
– програмски континуитет – до 10 бода
– влијание врз општествените текови – до 10 бода;
– атрактивност – до 10 бода;
– видливост – до 5 бода;
– оригиналност – до 5 бода;
– иновативност – до 5 бода;
– употреба на нови технологии – до 5 бода.

2. Човечки ресурси (уметнички/стручни достигнувања) – вкупно 20 бода:
– искуство во организација на манифестации/фестивали – до 10 бода;
– признанија, награди, позитивни критики и друго – до 10 бода.

3. Финансиска оправданост – вкупно 20 бода:
– реални проекции за висината на вкупните трошоци за реализација на манифестацијата/фестивалот поткрепени со писма на намери или понуди или јавно објавени цени за бараните услуги и стоки од нивните даватели – до 15 бода;
– реален баланс меѓу авторските хонорари и другите трошоци за реализација на манифестацијата/фестивалот) – до 5 бода.

**ОЦЕНУВАЊЕ И БОДУВАЊЕ**

Раководејќи се од утврдените правила за работа во Годишниот конкурс, Комисијата пристапи кон оценување и бодување следејќи ги горенаведените мерила и критериуми, по што направи листа на проекти што ја поминаа маргината на освоени минимум 51 бод (од можните 100), без разлика на категоризацијата во која припаднал проектот. Потоа, вредноста на еден бод ја доби врз основа на вкупниот проектиран буџет за секоја одделна категориј, сума која ја подели со вкупниот број бодови на проектите што добиле најмалку 51 бод, а кои се категоризирани во соодветната категорија. Конечниот износ на средствата за финансирање на проектот се доби кога вкупниот број бодови што ги добил проектот се помножи со вредноста на еден бод во соодветната категорија (Ексел табелата

на сите бодови и соодветните суми со кои треба да се финансираат проектите се во прилог кон овој Извештај). Во продолжение е прегледот на сите категории со соодветната вредност на бодот.

**ВРЕДНОСТ НА БОД ПО КАТЕГОРИИ:**

1. **За музички, музичко сценски, истражувачки проекти и издаваштво**

**Прва категорија** со вредност на 1 бод од **8.500,00 денари;**
**Втора категорија**со вредност на 1 бод од **4.500,00 денари;**
**Трета категорија**со вредност на 1 бод од **2.150,00 денари;**
**Четврта категорија** со вредност на 1 бодод **1.000,00 денари.**

2. **За музички манифестации и фестивали**

**Прва категорија** со вредност на 1 бод од **41.000,00 денари;**
**Втора категорија** со вредноста на 1 бод од **15.500,00 денари;**
**Трета категорија**со вредност на 1 бод од **7.000,00 денари;**
**Четврта категорија** со вредност на 1 бод од **3.000,00 денари.**

**ГЕНЕРАЛНИ КОМИСИСКИ НАЧЕЛА ЗА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКАТА ЕВАЛУАЦИЈА**

Комисијата, при стручно-уметничката оценка на самите проекти детално ги разгледуваше пополнетите пријави со цел да добие што поверодостојна слика за планираниот проект, неговата уметничка вредност, бројот и нивото на квалитет на учесниците, техничко-финансиската оправданост на проектот, и особено како истото влијае на подобрувањето на културното воздигнување на заедницата, се со цел да се избегне таканаречената „естрадизација" на културата, поточно музичката уметност.

Покрај утврдените конкурсни рамки во кои работеше Комисијата, таа ги следеше и професионалните начела на сите свои членови, специјализирани во различни области, но ја земаше и предвид актуелната општа состојба со културата во РСМ. Оттука, во својата предлог-селекција на проектите за финансирање за 2022 година ги приоретизираше во финансирањето проектите кои застапуваат уметнички (некомерцијални) творби пред популарните (комерцијални) творби, па оттука најмногу беа поддржани уметничките жанрови, а во помал обем преодните и изразито популарните жанрови, кои можат да опстојат од финансираат од свои средства, од продажба на билети, заради нивната широка атрактивност. Типизацијата на жанровите по која се раководеше Комисијата е следната:

- Уметнички жанрови (класична музика од сите стилски епохи – соло, камерна, концертна, оркестарска, симфониска, ораториуми, кантати, лирургиска, опери, балети, хор, акузматска, електронска уметничка)
- Преодни жанрови (џез, ворлд, фјужн, симфо рок и поп) и сл.
- Популарни жанрови (поп, рок, соул, блуз, етно, ворлд, техно, денс, психоделија, реге, хипхоп, RnB, хеви метал, панк, рап, синтпоп, инди, џангл, Диџеј...)

Комисијата ги ценеше високо и уредно пополнетите обрасци и комплетни апликации за проектите со потребната документација за склучени писма на намера, преддоговори и

договори, јасен концепт, целосно приложен репертоар за секој концерт, точен број на предвидени учесници од редот на вработените, како и хонорарно ангажирани уметници (еднократно и за повеќе настапи) и евентуални алтернации;

Комисијата високо ги вреднуваше и комплетни планови за работа, со јасна и аргументирана финансиска конструкција (придружена со потребната документација). Во поглед на намените за побараните финансиски средства, комисијата предност им даваше на средтсвата побарани за авторски хонорари, патни трошоци, изнајмување на простор и инструменти, како и други средства за непречена реализација на предложената содржина, односно ги имаше во вид само оправданите материјални трошоци за организација и реализација на проектите. Побарувањата поврзани со второстепените побарувања на апликантите ги стави во втор план, побарувањата за кои сметаше дека можат да бидат надоместени од други финансиски извори, не ги предложи за финансирање за сметка на основните од кои суштински зависи реализацијата на проектот. Комисијата не ги предложи за поддршка побарувањата на средства за услужнидејности од компании за изнајмувањето на опрема (озвучување, осветлување и другатехничка опрема), ставките за планираните патни и други трошоци за кои немаше соодветни понуди и придружна документација (спецификација) кои го потврдуваат реалното чинење на услугите. Исто така, не поддржа барања од овој вид, во случај кога оцени дека апликантите располагаат со сопствени ресурси (кадар, опрема, спонзори) за реализација на дејноста.

Комисијата не предложи за финансирање проектите со изразен комерцијален потенцијал, освен неколку истакнати музичари, манифестации и фестивали со голем континуитет и кои аплицираа со квалитетни проекти и изданија, или прославуваат голем јубилеј. Исто така, Комисијата не поддржа проекти кои имаат доминантно туристички карактер, естрадни манифестации, проекти кои вклучуваат промоција на храна и пијалаци и други проекти кои во музичкиот сегмент, програмски и концепциски, не е третиран како основа на проектот. Исто така не поддржи проектите со предзнак на кич, шунд, лошо реноме и програми со негативно влијание на младата публика и врз целокупната културна сцена.

Заради актуелната епидемиолошка состојба со КОВИД - 19, Комисијата ги разгледуваше проектите и од аспект на реалните можности за финансиска поддршка и практична реализација, односно предност им даде на проектите што со сигурност ќе се реализираат и во услови на пандемија.

Комисијата не поддржаи двојни аплицирања за исти проекти со други правни лица, односно проекти во кои немаше приложен копродукциски договор со јасна проекција на трошоците од двете страни.

Комисијата ја темелеше својата евалуација и според референците на учесниците во проектите, каде првенство имаа македонските уметници (научни истражувачи) со истакната меѓународна кариера, потврдени уметници (научни истражувачи) од највисоко значење за државата, младите македонски уметници(истражувачи), како и истакнати меѓународни уметници (научни истражувачи), доминантно од доменот на уметничките жанрови (и музичката научно-истражувачка дејност), вклученост на млади и реномирани автори (либретисти, кореографи, композитори,истражувачи во доменот на музиката и танцот, автори и изведувачи кои стимулираат изведба на современа музика, танц,

перформанс и регрутираат нова публика, промовираат мултикултурна соработка, едуцираат и ја дисперзираат културата на поширок географски простор;

Комисијата имаше во вид предлог-листата на поддржани проекти да биде и жанровски и стилски разновидна, при што приоритет им даде на уметничките жанрови - класична музика од сите стилски епохи – соло, камерна, концертна, оркестарска, симфониска, ораториуми, кантати, лирургиска, опери, балети, хор, акузматска, електронска уметничка, делумна застапеност на преодните (џез, ворлд, фјужн, симфо рок и симфо поп и сл.) и популарните жанрови (поп, рок, соул, блуз, етно, ворлд, техно, денс, психоделија, реге, хипхоп, RnB, хеви метал, панк, рап, синтпоп, инди, џангл, Ди-џејска музика и популарни обработки).

При евалуацијата и селекцијата на проектите, Комисијата ги имаше предвид и општествените капацитети на проектите, односно истите да отвораат нови перспективи за ансамблите и посетителите, да ги шират музичките видокрузи, да регрутираат нова публика и да ја прошируваат постоечката. Потоа, ги имаше во вид и проектите кои остваруваат континуитет, продолжувааттрадиција, чествуваат јубилеј, носат антологиски вредности, реафирмираат вредности од минатото, откриваат нови сценски простори, го подобруваат животот на заедницата, обезбедуваат повеќекратни и далекусежни придобивки, придонесуваат кон разнородност на културната понуда преку вклученост на различни возрасни, етнички, географски и др. припадности (инклузија на маргинализирани групи), проекти кои се резултат на реципроцитетна размена, проекти кои вмрежуваат уметници и повеќе институции (домашни, регионални, глобални) и обезбедуваат голема видливост на сите нивоа.

Кај музичко-сценските проекти, Комисијата евалуираше според сите начела кои се однесуваа на музичките проекти, со тоа што тука се обиде да застапи разнородни форми на музичко-сценско изразување, односно поддржа различни видови на делување во доменот. Оттука, приоритет им даде на индивидуалците и организациите кои понудиле уметнички и иновативни форми во својата програма, но предложи за финансирање на танцови студија кои организираат важни домашни и меѓународни натпревари за различни танцови категории и жанрови. Меѓу нив, неизоставно селектираше и инклузивни проекти кои вклучуваат одредени маргинализирани групи.

Кај фестивалите и манифестациите, покрај општите мерила и критериуми, Комисијата ја ценеше и масовноста на учесниците, вклученоста на домашните изведувачи, географскиот опфат (меѓународни, регионални и локални), континуитетот, репутацијата, вклученоста во меѓународни мрежи, алијанси и асоцијации, уникатноста, иновативноста, развојноста, универзалната разбирливост, придружните содржини (информативна и едукативна кампања, издавачка дејност), туристички потенцијал, технолошка поткрепеност, видливост преку новите технологии, жива изведба.

За организацијата на истражувачките проекти, конференциите, семинарите и работилниците, покрај општите мерила и критериуми, Комисијата поддржуваше програми кои стимулираат вклученост на млади соработници, стимулираат нова и прогресивна научна мисла во рамките на светските научни текови, промовираат мултикултурна соработка, едуцираат и ја дисперзираат културата на поширок географски простор. Евалуацијата и поддршката на овој вид проекти зависеше и од тоа дали проектите се меѓународни, регионални или локални, дали имаат повеќегодишен

континуитет и дали со нив раководи меѓународен или домашен раководен тим, како и тоа дали вклучува многу учесници и вклучува повеќе институции. Во однос на општествените капацитети, Комисијата имаше во вид дали проектите отвораат нови перспективи за музичката историја, теорија, наука и образование (дали ги шири научните, теориските и образовните видокрузи, промовира нови пристапи, методологии и технологии, ги следи светските стандарди во областа, ги негува и чуваврдностите од минатото и сегашноста. Потоа, имаше предвид дали проектите обезбедуваат континуитет (дали трае и има потреба од продолжување на традицијата, чествува важен јубилеј, негува антологиски вредности, реафирмира вредности од минатото и промовира актуелни текови во доменот. Позитивно ги вреднуваше проектите што вклучуваат и вмрежуваат разнородни теоретичари од образованието, науката и уметноста, според различни пристапи и интереси, сфери на делување и по различна возрасна, етничка, географска и др. припадност. Комисијата ја евалуираше и содржината и комплексноста на апликацијата, односно дали проектот поврзува проекти од повеќе институции (домашни, регионални, глобални) и обезбедуваат голема видливост на сите нивоа, но и каква е сложеноста на уметничкиот/научниот/образовниот собир (повеќе сесии, повеќе денови, разновидни содржини, број на учесници и предавачи, медијатори и сл.). Проекти што го подобруваат делувањето на академската заедница и имаат повеќекратни и далекусежни придобивки за општеството, за стручната и широката јавност.

За сите проекти беа евалуирани и човечките ресурси, односно степенот на професионалните капацитети аргументирани со приложени биографии, број и организираност на работата и сл. Се ценеа стручните (уметнички) капацитети на самите проекти преку домашното и меѓународно реноме на учесниците, но и стручните (придружни, технички, организаторски) капацитети на проектот, преку докажаноста на домашниот и меѓународниот пазар во дејноста. Исто така, висината на предложените средства за финансирање на проектите, Комисијата ги темелеше врз комплексноста на изведувачкиот апарат, во зависност од тоа дали проектот вклучува солист, мали (дуа и трија) или големи (од квартет до нонет) камерни состави, оркестар (камерен, Биг Бенд, голем еднороден, мешан хор) или симфониски оркестар (вклучително и големи вокално-инструментални состави како симфониски оркестар и хор). Олеснителна околност беше што овој сегмент на евалуацијата во голема мерка беше регулиран со категоризацијата на проектите содржана во самиот Конкурс.

Во однос на планот за спроведување на проектите, Комисијата ја евалуираше и проекцијата за прецизноста и ефикасноста на спроведување на проектот, односно дали проектите имаат разработен план за изведба на проектот (фази на подготовка и реализација, наведен целиот тим кој учествува во подготовката и реализацијата, агенда за проби, точна локација и време на изведба)

Исто така, кај концертите и дискографските изданија, комисијата ценеше дали проектот е целосно проектиран според неговата реална цена на чинење или отскокнува делумно или целосно од неа (за печатените изданија се почитуваа регулативите од издавачката дејност), а кај фестивалите и манифестациите, покрај финансиската оправданост, Комисијата имаше во вид и дали фестивалот/манифестацијата се од ревијален, натпреварувачки, комерцијален, профитабилен, спонзориран карактер и дали е во

целосна организација на институцијата или во коорганизација со друго физичко и правно лице, или пак е дел од копродукциски договор со друга јавна институција.

Исто така, Комисијата ја зема предвид и правичната дисперзија на културата низ целата територија на РС Македонија, каде при оценувањето на пријавите, посвети особено внимание за подеднаква распределба на средствата во местата на одржување на музичките и музичко-сценските настани. Комисијата посвети големо внимание и на планираните проекти кои би биле од важност за етничките заедници во РС Македонија, каде при евалуација на истите, го задржа својот професионален критериум за оценување, исклучиво според квалитетот на понудениот проект.

При евалуацијата, Комисијата водеше сметка да даде поддршка на младите и нови уметници, но се потруди правично да ги поддржи и докажаните музички уметници во РС Македонија.

Комисијата при евалуацијата на проектите, се потруди да одбегне повеќекратни финансирања на исти проекти, за кои аплицирале различни апликанти по различни основи, со што би се избегнале одредени злоупотреби на средствата наменети за Конкурсот.

Комисијата при својата четиримесечна работа, вложи максимален напор да ја моделира својата работа согласно сложените услови на пандемијата, но и според новиот начин на електронско аплицирање на Годишниот конкурс. Таа покажа голема флексибилност при разгледувањето на материјалите кои постојано пристигнуваа заради продолжениот период на аплицирање и дадената можност за доплонување на придружната проектна документација. Заради овој новитет, Комисијата мораше да се навраќа на проектите и по неколку пати, што резултираше со долг, динамичен и сложен процес на евалуација на големиот (веројатно и рекорден) број на пристигнати апликации во музичката и музичко-сценската дејност. Исто така, сигнификантен број од апликантите не успеале да ја разграничат припадноста на своите проекти и проектите кои и припаѓаат на друга област од Конкурсот (како на пример проектите со јасна и исклучива фолклорна содржина), ги лоцирале и аплицирале во музичката и музичко-сценската дејност.

По завршувањето на својата работа, Комисијата за музичка и музичко-сценска дејност, цени дека го даде својот професионален максимум во стручно-уметничката евалуација на пристигнатите проекти во конкретната дејност и дека крајно објективно и со едногласна одлука ги селектираше и ги предложи за финансирање најдобрите од проектната понуда на овогодишниот Конкурс за финансирање на проекти од културата. Табелите за преглед на прифатени, одбиени и отфрлени пријави се составен дел од овој Извештај.

**РЕКАПИТУЛАР**

**ВКУПНО РАЗГЛЕДАНИ ПРИЈАВИ 747**
**ВКУПНА СУМА ЗА ПРОЕКТИ ЗА ДРУГИ КОРИСНИЦИ 78,924,850**
**ВКУПНО ПРИФАТЕНИ ПРОЕКТИ 279**

**МУЗИЧКИ И МУЗИЧКО – СЦЕНСКИ ПРОЕКТИ**
ВКУПНО РАЗГЛЕДАНИ ПРОЕКТИ 626
Прифатени 232
Одбиени 317
Отфрлени 77
Вкупно предложена сума **39,476,850**

**МУЗИЧКИ МАНИФЕСТАЦИИ И ФЕСТИВАЛИ**
ВКУПНО РАЗГЛЕДАНИ ПРОЕКТИ 121
Прифатени 47
Одбиени 64
Отфрлени 10
Вкупно предложена сума **39,448,000**

**ПРИЛОГ 1 ТАБЕЛА ПРИФАТЕНИ ПРИЈАВИ ОД МУЗИЧКА И МУЗИЧКО СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ ЗА 2022;**
**ПРИЛОГ 2 ТАБЕЛА ОДБИЕНИ ПРИЈАВИ ОД МУЗИЧКА И МУЗИЧКО СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ ЗА 2022;**
**ПРИЛОГ 3 ТАБЕЛА ОТФРЛЕНИ ПРИЈАВИ ОД МУЗИЧКА И МУЗИЧКО СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ И ФЕСТИВАЛИ И МАНИФЕСТАЦИИ ОД МУЗИЧКА И МУЗИЧКО СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ ЗА 2022;**
**ПРИЛОГ 4 ТАБЕЛА ПРИФАТЕНИ ФЕСТИВАЛИ И МАНИФЕСТАЦИИ ОД МУЗИЧКА И МУЗИЧКО СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ ЗА 2022;**
**ПРИЛОГ 5 ТАБЕЛА ОДБИЕНИ ФЕСТИВАЛИ И МАНИФЕСТАЦИИ ОД МУЗИЧКА И МУЗИЧКО СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ ЗА 2022;**

Овој наративен Извештај за предложените проекти за финансирање од областа на музичката и музичко-сценска дејност за 2022 година, ги донесе Комисијата во состав:

Бранка Костиќ Марковиќ – претседател ____________

Нинослав Димов – член ____________

Бехар Весели – член ____________

Искра Шукарова – член ____________

Авни Ќахили – член ____________

Скопје, 14.02.2022